**Согласно член 57 и член 108 од Законот за високо образование ,**
**Ректорската управа на**
**ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ**
**-Република Македонија**
распишува

# К О Н К У Р С

**за запишување на студенти во прва година на прв циклус на студии во акедемската 2011/2012**

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ КОИ ЌЕ СЕ ЗАПИШУВААТ

Во прва студиска година, во академската 2011/2012 година на **Европскиот универзитет** – Република Македонија на **прв циклус на студии** ке се запишат вкупно **1350 студенти** на следните факултети, односно студиски програми:

1. **Факултет за економски науки**
2. **Факултет за информатика**
3. **Факултет за правни науки**
4. **Факултет за стоматологија**
5. **Факултет за арт и дизајн**
6. **Факултет за детективи и криминалистика**

**Во прва студиска година во академската 2011/2012 година на Европски Универзитет – Република Македонија на прв циклус на студии ќе се организира и настава која ке се изведува на Англиски јазик и тоа на следните факултети:**

1. **Факултет за економски науки**

2. **Факултет за информатика**

3. **Факултет за стоматологија**

**НАПОМЕНА**: Одлука за минималниот број запишани студенти, како услов за организирање и одржување наставни активности на дисперзираните студии во Одделението во Охрид во академската 2011/2012 година, има донесено секоја високообразовна единица на Универзитетот одделно.

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

1. Право на запишување во прва година на прв циклус на студии имаат:

- Кандидатите кои завршиле четиригодишно средно образование пред учебната 2008/2009 година (без матурски испит);
- Кандидатите кои завршиле високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи, како и кандидатите кои паралелно студираат сродни факултети, студиски групи или насоки;
- Кандидатите кои завршиле средно образование во странсто;
- Кандидатите кои завршиле средно образование на странски јазик во РМ и кои полагале меѓународни испити како замена за матура;
- Право на упис во вториот и третиот уписен рок имаат и кандидатите кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно образование со четиригодишно траење, доколку во првиот уписен рок не се јават доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите за зпишување, предвидени со овој Конкурс;
- Задолжително познавање на англиски јазик за студентите кои наставата ке ја следат на англиски јазик.

2. Селекцијата на пријавените кандидати ке се врши преку успехот остварен во средните училишта(60%) и успехот од матура(40%), кој што може да изнесува најмногу 100 поени.
3. Кандидатите се запишуваат како студенти со самофинансирање на студиите.

## III. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите на сите единици на Универзитетот, се врши во следнив термини:

- **ПРВ УПИСЕН РОК ОД 01.06.2011-31.08.2011 ГОДИНА**

- **ВТОР УПИСЕН РОК  ОД 01.09.2011-15.09.2011 ГОДИНА**

- **ТРЕТ УПИСЕН РОК   ОД 16.09.2011-30.09.2011 ГОДИНА**

## IV. ПОСТАПКА ЗА КОНКУРИРАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

Ректорската управа формира конкурсна комисија која ке изврши вреднување на кандидатите и ке објави преелиминарна листа на која кандидатите можат да поднесат приговор. Приговорите се доставуваат до Ректорската управа на Универзитетот, која донесува конечна  одлука по приговорот.

Кандидатите при пријавувањето склучуваат Преддоговор за студирање , со претходна уплата на депозит во денарска противвредност од 500 евра.

Другите давачки примениот кандидат ги уплаќа по објавувањето на конечната листа, односно на денот на потпишувањето на Договорот за студирање за тоа:

- кандидатите кои се запишале во вториот уписен рок , најдоцна до 15.09.2011 година;
- кандидатите кои се запишале во третиот уписен рок, веднаш по истекот на уписниот рок, односно најдоцна до 01.10.2010 година.

Кандидатите кои ке уплатат 500 евра  и склучат преддоговор за студирање  имаат право на стипендија од 500 евра за уписот за прва академска година, или ке добијат бесплатен лап -топ, бесплатни учебници и индекс.

Европскиот универзитет Република Македонија, обезбеди студентите да можат да користат кредити за школување преку партнерски банки на Универзитетот.

## V. ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

При пријавувањето за запишување на единиците на ЕУРМ, кандидатите поднесуваат следните документи:

- Свидетелства за сите четири години од средното образование;
- Диплома за положен матурски испит;
- Уверение за државјанство;
- Извод од матична книга на родени;
- Лекарско уверение (само за кандидатите кои конкурораат за упис на факултетот за детективи и криминалистика).

Документите за упис се доставуваат во Службата за студентски прашања на ЕУРМ, и тоа веднаш по добивањето на диплома за положен матурски испит.

Кандидатите кои се стекнале со средно образованиое во странство, потребно е достават нострифицирани свидителства за сите класови од средното образование и нострифицирано свидителство за завршено средно образование.
Документите се доставуваат секој ден од понеделник до сабота од 08 до 20 часот, во просториите на ЕУРМ во Скопје и Охрид.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СТУДИИТЕ

Времетраењето на студиите од прв циклус, согласно Болоњската конвенција и решпенијата за акредитација на студиските програми на единиците при ЕУРМ, изнесува три академски години, освен на Факултетот за Стоматологија за кој е предвидено времетраењето на студиите са инесува пет академски години.

## VII. МЕСТО НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

Предвидените студиски програми на факултетите во рамките на ЕУРМ, ке се изведуваат на Универзитетот во Скопје и Охрид, на следниве адреси:

- Бул. Св. Климент Охридски бр. 68 Скопје
- Ул. Македонски просветители бб, Охрид (со исклучок на факултетот за стоматологија)

За поопширни информации посететте го сајтот: **www.eurm.edu.mk**

**Ректор**

______________________________

**проф. д-р Панче Јовановски**